**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО**

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), Општина Зелениково го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место за спортско-рекреативен центар Пакошево, Општина Зелениково**, државната управа, научните и стручните организации, невладините организации, Општина Зелениково организира

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

по **Предлог Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место за спортско-рекреативен центар Пакошево, Општина Зелениково**

Планскиот опфат што е предмет на овој урбанистички план се наоѓа во КО Пакошево и тоа од пресекот со КО Таор, помеѓу течението на реката Вардар и планираната локална улица од село Пакошево кон село Таор.

Површината во границите на планскиот опфат изнесува 94,67ха.

Конкретно во рамки на планскиот опфат се предвидени следни основни класи на намени:

- А – Домување,
- Б – Комерцијални и деловни намени,
- Г – Рударство, енергетика, индустрија,
- Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори,
- Е – Инфраструктури

**Предлог Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место за спортско-рекреативен центар Пакошево, Општина Зелениково**, ќе биде изложен на јавно место во просториите на Општина Зелениково секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот во текот на периодот за јавен увид и тоа од 27.11.2024 година до 31.12.2024 година.

Јавната презентација на **Предлог Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место за спортско-рекреативен центар Пакошево, Општина Зелениково**, ќе се одржи на ден 11.12.2024 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Општина Зелениково (сала за состаноци).

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Зелениково.

Во определениот рок заинтересираните физички и правни лица, државната управа, научните и стручните организации, невладините организации, можат да доставаат забелешки и предлози по предлогот на планот, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма во просториите на Општина Зелениково.

| | |
|---|---|
| Изработил<br>Дејан Димитровски | **Градоначалник**<br>**Коста Маневски** |

ул.1, br.2, Зелениково, tel.+389 2 717 238; faks. +389 2 717 238; E-mail: gradonacalnik@zelenikovo.gov.mk
www.zelenikovo.gov.mk